# FOREVER

MACEDONIA

Ноември 2017 | Број 193

## ПОСТАВУВАЊЕ НА ИЗДРЖЛИВА ОСНОВА
**Rex Maughan**

## ВРЕМЕ ДА СОЗДАВАМЕ
**Gregg Maughan**



# Време да создаваме

**Додека ги пишувам овие редови, се подготвувам да отпатувам на средбата со нашиот Глобален лидерски тим во Андора, каде директорите на компанијата ќе се сретнат со нашите најголеми лидери за да разговараме за Форевер бизнисот. За нас ова е исклучително важен момент, бидејќи имаме можност да разговараме за различни прашања, да ги изразиме и слушнеме грижите, очекувањата, да видиме каква е вистинската средина во која работат сопствениците на Форевер бизнис.**

Овие разговори секогаш ме инспирираат за сè што претстои. И покрај тоа што не секогаш ги акцентираат само успешните моменти на победи, без исклучок се клучни градивни елементи за нашата постојано растечка компанија. Всушност, дури и најтешките разговори со лидерите ме привлекуваат многу, бидејќи на крајот наоѓаме решенија, позитивност и напредок.

**Но кога сопственик на Форевер бизнис ќе дојде кај мене со решение, мојот ум буквално цвета.**

И ние исто како сопствениците на бизнис, често толку тонеме во сегашноста што почнуваме да размислуваме единствено за сè што можеби не е правилно или треба да се поправи. Но овој начин на размислување не нѝ помага да напредуваме кон целта. Тој само нѐ завртува во спиралата на уште поголема негативност и сомнежи.

Наместо тоа, моментите со Глобалниот лидерски тим кои вистински ме исполнуваат со енергија, се инспирација за нешто ново и возбудливо за нашите сопственици на Форевер бизнис. Идеите кои произлегуваат од интензивните разговори и зачудувачката "бура од идеи" нѝ помагаат да создаваме градивни методи за освежување и развивање на бизнисот, за да продолжиме да растеме во својата 40-та година. Овие дискусии нѐ насочуваат кон нови места и неистражени територии.

Досега сум имал многубројни дискусии со сопственици на Форевер бизнис и сум разбрал дека има само два начина да се размислува за нешто - негативен или позитивен. Негативниот секогаш завршува со жалба. Дали станува збор за нешто кое не работи за дадениот човек, или за нешто што не му се допаѓа, разговорот завршува без никакво дејство. Но кога сопственик на Форевер бизнис ќе дојде кај мене со решение, мојот ум буквално цвета.

Токму овој позитивен пристап нѐ води кон нови можности. Од него се раѓа прогресот. Кога ќе се сретнам со Глобалниот лидерски тим, ќе ги искористам моите најдобри перспективи и позитивен став во нашите дискусии.

Што можеме да направиме поефикасно? Како да го направиме бизнисот уште подобар? Не станува збор за тоа што не е во ред во моментот, туку само како да ја подобриме иднината.

Додека го правам ова, ве охрабрувам сите да го примените во пракса истиот менталитет. Развијте таков став и гледајте како бизнисот ви расте.

Не престанувајте со насмевките,

**Gregg Maughan**
Претседател на Форевер Ливинг Продактс





# Поставување на издржлива основа

**По ураганите во САД и Карибите, Рут, сите од Форевер и јас сакаме да им изразиме длабоко сочувство на сите кои ги изгубија своите домови, блиските или се засегнати на било каков начин.**

Во овие моменти сфаќаме колку жилави можеме да бидеме како заедница и колку сме моќни ако работиме заедно.
Но за време на она што се случи, во мене одекна една друга историја. Начинот на кој многу градски и државни служби однапред се подготвија покажа дека долгорочната постојаност е далеку поефективна од краткорочните усилби.

**„Постојано докажуваме дека бизнис со длабоки корени, зајакнат и изграден врз стабилна основа, ќе трае.“**

Планирањето е неопходно. Во спротивно, постапките и одлуките се само брзи проценки, кои можат да бидат катастрофални. Ги гледав вестите и слушав како претставниците на овие служби споделуваат дека не планирале неколку седмици, туку со години разработувале стратегии како да ги подготват регионите за такви случаи.

Секоја година, дури и бурите да не се значителни, тие ги зајакнуваат своите планови, за да се осигураат дека се подготвени. Долгорочното планирање ги прави заедниците и луѓето неверојатно силни, помагајќи им да ги издржат непосредните ефекти од секој ураган. Уште поважно, им дава енергија да се обноват, и покрај штетата која не успеале да ја спречат.

Дел од планирањето вклучува изградба на објекти отпорни на урагани. Се градат така да може ги издржат бурните пориви на ветерот, за да заштитат сè што е важно внатре. Што си спремен да направиш кога имаш нешто вредно и сакаш да го заштитиш? Колку долго сте подготвени да планирате, за да ја осигурате неговата безбедност? Како сопственици на Форевер бизнис за нас е важно да го заштитиме нашиот бизнис и трудот кој го вложуваме во него. Клучот е да се создаде длабока основа и структура, така што ќе може да издржи промени во економијата или какви било други предизвици со кои може да се соочи.

Постојано докажуваме дека бизнис со длабоки корени, утврден и изграден на стабилна основа, ќе трае.
Треба да ја развиете вашата инфраструктура и да ја градите така што таа да може да се спротивстави на секој надворешен притисок. Треба да го зајакнете бизнисот со тим кој ги има истите вредности. Не е доволно само да имате храброст да застанете во виорот на бурата, туку да бидете толку храбри и предвидливи, да може да го планирате и она што уште не се случило.

Им благодарам на сите кои му помогнаа на Форевер Гивинг, додека им помагавме на жртвите од ураганите. Благодарение на вашата великодушност Форевер Гивинг заедно со организацијата „Да се исправиме против гладот“ испратија десетици илјади порции храна во погодените области. Форевер ќе продолжи да помага на сите можни начини и вашето учество многу ќе придонесе да бидеме од корист, и сега, и во иднина.

**Засекогаш Ваш,**

**Rex Maughan**

# SUCCESS DAY 14.10.2017





































# Сега е моментот

2x YOUR FOREVER


СТЕФАН И ТАЊА СТАЕВИ

Почитувани сопственици
на Форевер бизнис,
драги пријатели,

Форевер Ливинг Продактс е КОМПАНИЈАТА ЗА АЛОЕ ВЕРА. **Ние сме светскиот лидер** во одгледувањето, преработката и дистрибуцијата на здрави пијалоци и козметички производи од чист и стабилизиран гел от алое вера по специјална технологија. Го сакаме тоа растение и затоа се грижиме на поинаков начин за 50-те милиони растенија Алое Барбаденсис на нашите плантажи. Нашата цел е да уживате во најсвежото, најчистото и најкорисното алое вера во светот. Го комбинираме со природни и современи научно развиени состојки, кои специјално се одбираат за да ги засилиме неговите корисни својства. Нашиот богат асортиман од алое пијалоци, производи за нега на кожата, за личната хигиена, како и специјализираната козметика ви ги обезбедуваат извонредните својства на уникатното растение, за да можете вие и секој околу вас да изгледате подобро и да се чувствувате подобро. Додадете ги нашите различни додатоци во исхраната и хранливите пчелни производи и ќе добиете комплетен систем за нега на телото како внатрешно, така и надворешно.

Не случајно повторно ве потсетувам сега на сето ова. Остануваат само неколку седмици до периодот кога **вие и сите околу вас ќе го започнете најголемото пазарување во годината – купувањето на Новогодишни и Божиќни подароци.** Вие и луѓето покрај вас, ќе одвоите сериозни средства, кои секој разумен претприемач би сакал да влезат во неговиот бизнис. Ако сте добро подготвени за тој период, ќе имате можност значително да го зголемите не само личниот Форевер бизнис, туку и бизнисот на целата мрежа.

FOREVER THE ALOE VERA COMPANY

Започнете навремено да планирате како и кога ќе разговарате со вашиот тим за оваа огромна можност. Обрнете внимание на секого дека купувајќи подароци за блиските од асортиманот на Форевер, не само што ќе генерира обрт (бодови), кои ќе му помогнат да се издигне до ново ниво во маркетинг планот на компанијата, туку и ќе даде можност на многу нови луѓе да се запознаат со производите. Откако ќе ги почувствуваат придобивките од нивната употреба, тие ќе станат добри клиенти, а зошто не и нови соработници со желба да изградат свој сопствен бизнис со производите и системот за работа на ФЛП.

Бидете колку е можно поактивни во овој период и вашиот Форевер бизнис долго и великодушно ќе ве наградува за вложениот труд. Сретнувајте сѐ и разговарајте со повеќе луѓе. Предложете **им подароци од гамата на Форевер** – лично за нив и за нивните блиски. Помогнете им да изберат производи, да купат и спакуваат, да заштедат време и напор.

Не заборавајте да им кажете и на сите околу вас дека можат не само да си купат одлични производи, туку и да го променат својот живот со достапната за секого можност за градење на сопствен бизнис со Форевер. Без инвестиции, без ризик, со докажан и функционален систем за умножување на сопствениот напор, во слободното време или како основно занимање. Бизнис што може да им обезбеди стил на живот, слобода да управуваат со своето време и живот, како и долгорочна финансиска сигурност.

Направете малку повеќе напор во последните месеци од годината и ќе видите дека и **вашиот живот ќе стане поразличен и подобар!**

**Со љубов и секогаш со Вас,**

**Стефан и Тања Стаеви**









# Заработете викенд во Аурора, Берово (23-25 март) и обука на 24 март.

**Период на квалификација: ноември 2017- јануари 2018**

### За Новус клиенти и Асистент Супервизори

Направете порачки на личен код од најмалку 1 бод месечно во периодот на квалификација

Спонзорирајте и развијте најмалку 3 нови Ас.Супервизори во периодот ноември-јануари

За вкупно 10 бода (вашите лични и бодовите од сите нови членови во период ноември-јануари), добивате викенд за 1 лице. Во случај вкупните бодови да бидат 15 -добивате викенд за две лица.

### За Супервизори и Ас. Менаџери

Бидете активни (4 бода) секој од месеците на квалификација

Спонзорирајте и развијте најмалку 3 нови Ас.Супервизори во периодот ноември-јануари

За вкупно 15 бода (вашите лични и бодовите од сите нови членови во период ноември-јануари), добивате викенд за 1 лице. Во случај вкупните бодови да бидат 20 -добивате викенд за две лица.

### За Менаџери

Бидете активни (4 бода) секој од месеците на квалификација

Спонзорирајте и развијте најмалку 3 нови Ас.Супервизори во периодот ноември-јануари

За вкупно 20 бода (вашите лични и бодовите од сите нови членови во период ноември-јануари), добивате викенд за 1 лице. Во случај вкупните бодови да бидат 25 -добивате викенд за две лица.

Патувањето вклучува две ноќевања (23 и 24 март) и Бизнис обука на 24 март.

Наградата не може да се пренесе на друго лице.
За подетални информации обратете се на 02 2465846 или flp@t-home.mk

# Forever Immublend




Додаток во исхраната, создаден за целосна поддршка на имунитетот. Секоја состојка во нашата патентирана формула е специјално избрана поради клучната улога која ја има за поддршка на имуните функции. Комбинацијата го потпомага оптималното дејство на биолошките заштитни механизми на телото за да сте витални дури и во ризичните сезони. Меѓу хранливите состојки кои допринесуваат за имунитетот се лактоферин, печурките маитаке и шитаке, витамините C и D, како и цинк за дополнителна заштита. Секоја од овие клучни состојки придонесува на одреден начин за одржување на вашето здравје и виталност.

- **Фруктоолигосахариди** – поддржуваат здраво ниво на пробиотските бактерии во дигестивниот систем.
- **Лактоферин** – соединение кое го поддржува производството на имуни клетки и помага во одржување на оптимални нивоа на корисни бактерии во цревата.
- **Печурки маитаке и шитаке** – го поддржуваат производството на имуни клетки, како и функциите на кардиоваскуларниот систем.
- **Витамин D** – ги зајакнува имуните клетки.
- **Витамин C** – се бори со слободните радикали.
- **Цинк** – се бори со слободните радикали и го поддржува производството на имуни клетки.




# Барселона – Монте Карло – Рим

Средбата на Орел Менаџери во Форевер ќе ве мотивира да достигнете нови височини во оваа извонредна компанија. Шансата на Форевер за напредување никогаш не запира, а ова е само еден од многуте мотивирачки настани за кои навистина вреди да се работи. Посакувам сите од вас барем еднаш да сте дел од ова незаборавно искуство.

**Др.Роза Гелевска, Менаџер Орел**

Форевер не ви дава само можност да ја подобрите финансиската ситуација туку и можност да создавате спомени на кои ќе се сеќавате со задоволство. Најголем впечаток ми оставија младите парови со мали деца кои се доказ дека во Форевер можете да работите и да имате успешен семеен живот без да сте преокупирани со денешницата. Голема привилегија е да ги видите и слушнете во живо најуспешните луѓе во Форевер, и наместо да ги гледате туѓите искуства ја имате можноста да бидете и вие дел од следната средба на Орел Менаџери.

**Др.Снежана Контра, Менаџер Сениор Орел**

## Клуб 4 – ниво 1

4 CC Level 1

Флора Оџаклиеска

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Аџи-Николова Ордева Зорица – Штип
2. Алију Сузана – Куманово
3. Атанасова Апостолоска Елизабета – Скопје
4. Билали Дритон – Куманово
5. Богојева Весна – Скопје
6. Вандова Гордана – Неготино
7. Вандова Ивана – Неготино
8. Дарлинг Томас Давид – Нов Јужен Велс, Австралија
9. Дукова Мирјана – Кавадарци
10. Ѓелова Махлијанова Ивана - Неготино
11. Ѓикова Теодора – Скопје
12. Зејнуловиќ Лендита - Куманово
13. Ибиши Сухеда – Куманово
14. Идиќ Мелиса – Крива Паланка
15. Иванова Софија – Неготино
16. Иванова Анета – Велес
17. Јанчева Анета – Скопје
18. Кузмановски Драган – Штип
19. Лефковска Марија – Скопје
20. Маркова Јанка – Скопје
21. Милошевски Мила – Лесковац
22. Нацевска Елизабета - Велес
23. Наќеска Ивана – Кичево
24. Петрушевска Зорица – Куманово
25. Садете Алиу – Скопје
26. Стојчевска Александра – Скопје
27. Толева Теодора – Велес
28. Томевска Лена – Скопје

## ТОП 10

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Др. Роза Гелевска
2. Славица Донакова
3. Др. Снежана Контра
4. Вера Златковска
5. Блага Крстеска
6. Катерина Трајчевска
7. Слафко Михајловски
8. Жарко Георгиевски
9. Стевица Димовска
10. Младен Димовски

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Др. Роза Гелевска
2. Вера Златковска
3. Жарко Георгиевски
4. Славица Донакова
5. Др. Снежана Контра
6. Стевица Димовска
7. Македонка Петровска
8. Др. Гордана Николиќ
9. Слафко Михајловски
10. Елена Гелевска

**facebook**

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like

## НАЈНОВО ИЗДАНИЕ НА КАТАЛОГОТ НА ПРОИЗВОДИ




**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**
- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.